Република Македонија
Министерство за финансии

[redacted]

ДО: Здружение за електрични возила
ЕЛКТРОМОБИЛНОСТ МАКЕДОНИЈА- Скопје
Бул. Партизанска 2 бр.12/12

Бр.20- 9618/2

Скопје 12 -10- 2017 2017 година


Република Македонија
Министерство за финансии
ул. Даме Груев бр.12
1000 Скопје
Република Македонија
Тел:++ 389 2 3255 497
Факс:++ 389 2 3255 500
Е-пошта:
edis.ramcilovik@finance.gov.mk
Веб страна: finance.gov.mk


Предмет: Известување по иницијатива за донесување на среднорочна Стратегија за електромобилност и електрификација на транспортот

Врска: Допис на Владата на Република Македонија 43-6060/2 од 22.09.2017 година

Почитувани,

Во врска со Вашата иницијатива доставена до Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија со која предлагате донесување на Стратегија за електромобилност и електрификација на транспортот, со цел намалување на зависноста од фосилните горива, поголема искористливост на обновливи извори на електрична енергија, намалување на загадувањето и бучавата, Министерството за финансии согласно своите надлежности Ве известува за следното:

Во дописот се наведуваат бројни предлози во насока на приближување на идејата за користење на електричните возила од страна на граѓаните, што ќе допринесе кон намалување на зависноста од фосилните горива, поголема искористливост на обновливите извори на електрична енергија, намалување на загадувањето и бучавата.

Согласно горенаведеното сметаме дека доколку Владата на Република Македонија утврди приоритет по однос на електрификација на транспортот во државата потребно е претходно Министерството за економија и Министерството за животна средина и просторно планирање да подготват анализи за ефектите од употреба на овој вид на превозни средства врз намалување на зависноста од фосилните горива, подобрувањето на енергетската ефикасност и намалување на загадувањето и бучавата во земјата и за резултатите од анализа да ја информира Владата на Република Македонија со цел преземање на конкретни стимулативни мерки во насока на поттикнување на користењето на овој вид на превозни срдства базирани на електричен погон.

Врз основа на подготвените анализи на надлежните институции со конкретни мерки во насока на остварување на наведените цели, Министерството за финансии дополнително би се произнело од аспектот на можноста за намалување/укинување на увозните давачки при увоз на електрични возила од секаков ранг (автомобили, скутери, инвалидски колички, автобуси, камиони и слично), согласно законската постапка за изменување на Законот за Царинската тарифа за конкретните тарифни броеви.

[redacted]

Цениме дека доколку Владата на Република Македонија утврди приоритет по однос на електрификација на транспортот во државата, имајќи во предвид дека Република Македонија е една од најзагадените држави потребно е да се направи и приоритет на предлозите со акциски план на спроведување на истите по надлежни институции со соодветна проценка на потребни средства по фискални години. Имено, голем дел од предлозите би опфатиле реализација на активности кај дел од буџетските корисници, а со тоа би се појавила и потреба од дополнителни финансиски средства кои треба да ги издвои државата.

Согласно наведеното укажуваме дека Министерството за финансии во согласност со утврдените приоритети и фискалниот простор ќе ги има во предвид евентуалните потреби за финансиски средства, по претходно добиена соодветна информација по однос на финансискиот ефект од предложената иницијатива за соодветната фискална година.

Со почит,

д-р Драган Тевдовски
Министер за финансии

Изработил: Едис Рамчиловиќ
Проверил: м-р Зоран Глигоров
Бранимир Јовановиќ

Доставено и до: Влада на Република Македонија
-Генерален секретаријат